# ВТОРА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА И ШЕСТИ ТРАНСНАЦИОНАЛЕН СОСТАНОК ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ESIPP

*Ана ШИКАЛЕСКА*

Македонско научно здружение за аутизам
Институт за дефектологија, Филозофски факултет
Скопје, Македонија

Примено: 1.7.2017
Прифатено: 6.7.2017

Во периодот од 28 до 30 јуни во Нортхамптон, Англија, беа одржани Втората меѓународна конференција и шестиот транснационален состанок во рамки на проектот ESIPP.
Меѓународната конференција се одржа на 28.6.2017 год. во Кингс парк центарот за конференции според чија агенда, по регистрацијата на околу 80 гости, проектот **ESIPP** беше претставен од професорот Дејвид Прис од Универзитетот во Нортхемптон. Потоа следеа презентации на партнерите од Македонија, Кипар и Хрватска, како и гласот на родителите од овие земји преку видеа. Во вториот дел од Конференцијата, презентација одржаа Деби Ели (мајка на две деца со аутизам) и Мајке Илинг-Витби (окупационен терапевт од Германија) на тема „Разлики во моториката и координацијата кај децата со аутистичен спектар". Конференцијата заврши со евалуација и дискусија. На 29.6.2017 год. на Универзитетот во Нортхамптон, шестиот транснационален состанок започна со вовед и информации од тимот за проект-менаџмент (Дејвид Прис и Пол Брамбл) за активностите од последниот состанок и периодичен извештај - повратни информации и акции за максимизирање на успехот на проектот. Пол Брамбл даде информации за финансиите. Јасмина Трошанска даде информации за внатрешната сигурност

Адреса за кореспонденција:
*Ана ШИКАЛЕСКА*
Македонско научно здружение за аутизам
Институт за дефектологија, Филозофски факултет
бул. „Гоце Делчев", бр. 9А, 1000 Скопје
тел. +389-2-3148-834;
факс. +389-2-3118-143
е-пошта: akarevska@yahoo.com

# MULTIPLIER EVENT AND TRANSNATIONAL MEETING #6 AS A PART OF THE ESIPP PROJECT

*Ana SHIKALESKA*

Macedonian Scientific Society for Autism
Institute od Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy, Skopje, Macedonia

Recived: 01.07.2017
Accepted: 06.07.2017

Multiplier Event and Transnational Meeting #6 was held as a part of the ESIPP project in the period from 28- 30 of June in Northampton, England.
The Multiplier event was held at King's Park Conference Centre, on the 28th June. After the registration of the 80 guests, Professor David Preece from the UON introduced the ESIPP project. Presentations and parent voices from Macedonia, Cyprus and Croatia were presented through videos. In the second part of the event, presentations were introduced by Debby Elley ( mother of two children with autism) and from Meike Illing-Whitby ( OT from Germany) on the subject "Motor Coordination differences in children with Autism Spectrum Disorder (ASD)". The event finished with evaluations and a plenary.
On Thursday 29 June at the UON, the meeting started with introductions and update from the Project Management workstream (David Preece and Paul Bramble), reporting about activity since the last meeting and interim report – feedback and actions to maximise project success. Paul Bramble gave a finances update. Jasmina Troshanska gave an update of

Corresponding Address:
*Ana SHIKALESKA*
Macedonian Scientific Society for Autism
Institute od Special Education and Rehabilitation, Faculty of Philosophy bul. Goce Delcev, br. 9 A, 1000 Skopje
Phone. +389-2-3148-834
Fax. +389-2-3118-143
E-mail: akarevska@yahoo.com

за квалитет. Кристина Фернандез извести за дисеминацијата на проектот во изминатиот период. Вториот дел од состанокот беше давање повратни информации и информации за Конференцијата во Хрватска, планирање за Скопје, Кипар и Хрватска за следните конференции и транснационални состаноци, содржина на конференциите, вклучувајќи и публицитет/линкови од политичари и луѓе кои ги прават политиките во земјите, мапа на тренинзи на родителите на деца со аутизам во Кипар, локација и датуми на транснационалните состаноци број 7 и 8.

Пол Брамбл зборуваше за индикатори на импакт. Состанокот заврши со презентација водена од Гарет Лонг, надворешен набљудувач за максимизирање на импактот, одржливоста и исполнување на целите на ESIPP, како и дискусија.

На 30.6.2017 год. во просториите на деканатот на Универзитетот во Нортхемптон продолжи транснационалниот состанок. Се реализираа две паралелни сесии во две одвоени простории. Во просторија 1, партнерите ја анализираа содржината и реализацијата на Програмата за обуки за родители, а во просторија 2, Дејвид Прис, Јасмина Трошанска и Лоизос Симеоу правеа евалуација на Програмата за обуки на родители. Вториот дел од состанокот се реализираше во една просторија - повратни информации од целиот тим, фокус на импактот, одржливоста, исходи, индикатори и исто така, повратни информации од работата на двете групи. Состанокот заврши со размислувања и со идеи за приоритетите и следните акции кои треба да се преземат.

Следната Меѓународна конференција (трета по ред) ќе се одржи во Скопје, Македонија, на 1 ноември 2017 год., додека транснационалниот состанок бр.7 ќе се реализира на 2 и 3 ноември 2017 год. во Скопје.

Internal QA. After that, Cristina Fernandez gave a dissemination update. The second part of the meeting was feedback & discussion about the Multiplier Event in Croatia, planning for Skopje, Cyprus and Croatia regarding the next Multiplier Events and Transnational Meetings, ME content including publicity/links to policy makers , autism parent training roadmap launch (Cyprus March 18), TM 7-8 dates and locations. Paul Bramble talked about impact indicators. The meeting ended with a session led and facilitated by Gareth Long, external auditor, about maximising impact and sustainability and achieving ESIPP's goals, and a plenary session.

On Friday 30 June, in the Senate Building of UON the second meeting took place. There were two parallel sessions in two separate rooms . In room 1 partners were analysing content and delivery of Parent Training Programme, and in room 2 David Preece, Jasmina Troshanska and Loisos Simeou did an evaluation of the Parent Training Programme. The second part of the meeting was in one room - feedback sessions to the whole team , focus on impact, sustainability, outputs, outcomes, indicators and also feedback from the two groups. The meeting ended with thoughts about priorities and actions to be undertaken.

The next Multiplier #3 conference is in Skopje, Macedonia on the 1th of November 2017, and the Transanational meeting # 7 will take place on the 2 and 3 of November 2017 in Skopje